Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

МАКСТАТ

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
# ВО 2022 ГОДИНА

Скопје, април 2023 година

# СОДРЖИНА


ВОВЕД ....................................................................................................4

1. ИНСТИТУЦИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ ....................................................5

1.1. Административни капацитети ....................................................................5

1.1.1. Човечки ресурси .........................................................................................5

1.1.2. Стручно усовршување на вработените ......................................................10

1.1.3. Буџет на Државниот завод за статистика ..................................................10

1.1.4. Внатрешна ревизија ......................................................................................11

1.1.5. Совет за статистика на Република Македонија .........................................12

1.1.6. Координативен комитет ...............................................................................13

1.2. Статистичка инфраструктура .......................................................................13

1.2.1. Програма за статистички истражувања, 2023 – 2027 ..................................13

1.2.3. Управување со квалитетот ...........................................................................15

1.2.4. Користење административни извори на податоци и намалување на оптовареноста на извештајните единици ....................................................15

1.2.5. Новитети кај одделни статистички истражувања ........................................16

1.2.6. Метаинформациски систем и електронско прибирање податоци................16

1.3. Информатичка инфраструктура ....................................................................17

1.3.1. Развој на ИТ-системот за поддршка на статистичкиот бизнис процес .......17

1.3.2. Техничка инфраструктура ............................................................................17

2. СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ .........................................................................21

2.1. Социјални статистики ....................................................................................21

2.1.1. Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година................21

2.1.1. Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година................21

2.1.2. Активности во другите области од социјалните статистики........................22

2.2. Сектор за пазар на трудот ...............................................................................23

2.2.1 Сектор за пазар на трудот - активности .........................................................23

2.3. Национални сметки .........................................................................................24

2.3.1. Национални сметки - активности ..................................................................24

2.4. Сектор за деловни статистики .......................................................................25

2.4.1. Деловни статистики - активности ..................................................................25

2.5. Сектор за земјоделски статистики и статистики на животната средина 27
2.5.1. Земјоделски статистики - активности 27
2.5.2. Статистики на животната средина, енергетиката и транспортот - активности 28
3.1. Европска интеграција 30
3.2. Меѓународни проекти во кои беше вклучен ДЗС 31
3.2.1. Тековни проекти на Европската комисија 31
3.2.2. Планирани проекти 33
3.3. Комуникација и соработка со други институции 33
4. ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВАШЕ ДЗС 33
5. КООРДИНАЦИЈА НА СТАТИСТИЧКИОТ СИСТЕМ И ОВЛАСТЕНИТЕ НОСИТЕЛИ 34
5.1. Народна банка на Република Северна Македонија 34
5.2. Министерство за финансии 37
5.3. Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија 38
5.4. Министерство за внатрешни работи 38
5.5. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи 38
5.6. Агенција за вработување на Република Северна Македонија 39
5.7. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија 39
5.8. Министерство за правда 42
ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 43

# ВОВЕД

Во согласност со членот 21 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Државниот завод за статистика (во натамошниот текст: ДЗС) подготви Годишен извештај за работата и за реализацијата на Програмата за статистички истражувања за периодот 2018 – 2022 година во 2022 година, од аспект на спроведените статистички истражувања од страна на ДЗС, но и од страна на овластените носители што, според Програмата, спроведуваат статистички истражувања.

Извештајот се состои од пет делови, од кои четири се однесуваат на активностите на ДЗС, а еден дел ги опфаќа активностите на овластените носители, од аспект на реализацијата на статистичките истражувања од Програмата за кои се надлежни.

Во првиот дел од Извештајот е опфатено институционалното опкружување на ДЗС и во него се содржани податоци за административните капацитети (човечки и финансиски ресурси, стручно усовршување на вработените, внатрешна ревизија, Совет за статистика на Република Македонија и Координативен комитет), статистичката инфраструктура, информатичката инфраструктура и активностите поврзани со дисеминацијата на податоците на ДЗС во 2022 година.

Во вториот дел од Извештајот се прикажани податоците за реализираните активности на ДЗС од аспект на статистиките по сектори, односно од Секторот за деловни статистики, Секторот за земјоделски статистики и статистики на животната средина, Секторот за социјални статистики, Секторот за пазар на трудот и Секторот за национални сметки.

Во третиот дел од Извештајот се дадени информации за европската интеграција и меѓународните активности. Тој ги содржи активностите реализирани во 2022 година на планот на следењето на европските стандарди и меѓународната активност. Државниот завод за статистика ја реализира својата меѓународна активност со непосредно учество во процесот на европската интеграција на земјата, како и со учество во повеќе меѓународни проекти кои се реализираа во рамките на странската помош што му беше обезбедена на ДЗС.

Четвртиот дел од Извештајот содржи информации и податоци за предизвиците со кои се соочуваше ДЗС во 2022 година.

Петтиот дел од Извештајот содржи краток осврт за координацијата на статистичкиот систем на државата и за реализацијата на Програмата за статистички истражувања од страна на овластените носители во статистичкиот систем: Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управата за хидрометеоролошки работи и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

# 1. ИНСТИТУЦИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ

Институционалното опкружување претставува основен предуслов за остварување на целите на државната статистика кои се дефинирани во Законот за државната статистика и во други закони, а кои натаму се операционализираат во Стратегискиот план на ДЗС, но и во другите документи кои ги носи ДЗС. Според Кодексот за работа на европската статистика, „институционалните и организациските фактори имаат значително влијание врз ефективноста и кредибилитетот на статистичкиот орган кој развива, произведува и дисеминира европска статистика“.

## 1.1. Административни капацитети

Законот за државната статистика претставува темелен закон кој ги уредува улогата, положбата и надлежноста на Државниот завод за статистика. Со Законот се уредуваат и положбата и надлежноста на овластените носители од аспект на статистичката дејност која ја реализираат тие. Законот беше донесен во 1997 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97). Во изминатиот период, Законот беше изменуван и дополнуван девет пати.

Покрај Законот за државната статистика, вториот најважен подзаконски акт кој го носи Владата на Република Северна Македонија, а по предлог на ДЗС, претставува Програмата за статистички истражувања. Во Програмата се наведени статистичките истражувања кои во петгодишен период ги спроведуваат ДЗС и овластените носители. Во овој период во примена беше Програмата за статистички истражувања за периодот 2018 – 2022 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/18 и 224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20 и 300/20).

### 1.1.1. Човечки ресурси

Организациската структура на ДЗС и надлежностите на вработените се утврдени со Правилник за внатрешна организација на ДЗС и Правилник за систематизација на работните места што се применуваат од 2020 година.

Според овој Правилник, ДЗС е организиран во 9 сектори и 42 одделенија. Од наведениот број одделенија, три (3) се организирани надвор од секторите, додека осум (8) од нив се регионални одделенија кои покриваат одредени области од територијата на Република Северна Македонија (Куманово, Тетово, Охрид, Битола, Велес, Штип, Струмица и Скопје).

На 31.12.2022 година состојбата со вработените беше како што следи:

- Вработени лица во ДЗС: 208 (две именувани лица)
- Ангажирани лица по договор за дело во просек: 40

Во текот на 2022 година, престанок на работен однос имаше кај 21 вработен:

- врз основа на пензионирање: 14
- на лично барање/отказ даден од страна на вработениот: 7.

**Табела 1: Преглед по звања**

| | Предвидени работни места | Пополнети работни места | % на пополнетост |
|---|---|---|---|
| Директор | 1 | 1 | |
| Заменик-директор | 1 | 1 | |
| | | | |
| Државен советник | 3 | 0 | |
| Раководител на сектор | 9 | 4 | 44.4 |
| Помошник-раководител на сектор | 9 | 2 | 22.2 |
| Раководител на одделение | 42 | 27 | 64.3 |
| Советник | 98 | 52 | 53.1 |
| Виш соработник | 45 | 17 | 37.8 |
| Соработник | 51 | 21 | 41.2 |
| Помлад соработник | 107 | 54 | 50.5 |
| Самостоен референт | 30 | 14 | 46.7 |
| Виш референт | 11 | 6 | 54.5 |
| Референт | 15 | 3 | 20 |
| Помлад референт | 15 | 5 | 33.3 |
| Работник | 1 | 1 | 100 |
| **ВКУПНО** | **436** | **208** | **47.7** |

Во Државниот завод за статистика, покрај 208 извршители, две лица, односно директорот и заменикот на директорот на Заводот, се именувани лица од Владата на Република Северна Македонија. Од вкупниот број вработени, 205 лица имаат статус на државни службеници, а едно лице има статус на работник.

**Табела 2: Преглед по пол**

| | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Сектор за национални сметки | 3 | 15 | 18 |
| Сектор за деловни статистики | 9 | 14 | 23 |
| Сектор за земјоделски статистики и статистики на животната средина | 6 | 9 | 15 |
| Сектор за социјални статистики | 5 | 6 | 11 |
| Сектор за пазар на трудот и животен стандард | 4 | 8 | 12 |
| Сектор за информатичка поддршка | 5 | 15 | 20 |
| Сектор за дисеминација | 8 | 6 | 14 |
| Сектор за регионални одделенија | 26 | 42 | 68 |
| Сектор за поддршка на работењето на директорот | 9 | 7 | 16 |
| Одделение за финансиски прашања | 0 | 5 | 5 |
| Одделение за внатрешна ревизија | 1 | 1 | 2 |
| Одделение за управување со човечки ресурси | 0 | 2 | 2 |
| Именувани лица | 2 | 0 | 2 |
| Вкупно | 78 | 130 | 208 |

## Табела 3: Преглед по сектори

| | Вкупно | % на пополнетост на работни места на ниво на сектор | Звања на работни места | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Државен советник | Раководител на сектор | Помошник раководител на сектор | Раководител на одделение | Советник | Виш соработник | Соработник | Помлад соработник | Самостоен референт | Виш референт | Референт | Помлад референт | Работник |
| **Државни советници** | | | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 3 | | 3 | | | | | | | | | | | | |
| пополнети работни места | | 0 | | | | | | | | | | | | | |
| **Сектор за национални сметки** | | 51,4 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 35 | | | 1 | 1 | 5 | 11 | 3 | 4 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| пополнети работни места | 18 | | | 1 | | 4 | 7 | | | 6 | | | | | |
| **Сектор за деловни статистики** | | 45,1 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 51 | | | 1 | 1 | 6 | 9 | 8 | 6 | 17 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| пополнети работни места | 23 | | | | 1 | 4 | 2 | 2 | 2 | 12 | | | | | |
| **Сектор за земјоделски статистики и статистики на животната средина** | | 65,2 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 23 | | | 1 | 1 | 2 | 7 | 4 | 2 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| пополнети работни места | 15 | | | 1 | 1 | 2 | 4 | 2 | 1 | 4 | | | | | |
| **Сектор за социјални статистики** | | 36,7 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 30 | | | 1 | 1 | 3 | 5 | 3 | 9 | 5 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| пополнети работни места | 11 | | | 1 | | 2 | 3 | 2 | 3 | | | | | | |
| **Сектор за пазар на трудот и животен стандард** | | 50 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 24 | | | 1 | 1 | 3 | 6 | 2 | 3 | 7 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| пополнети работни места | 12 | | | | | 3 | 4 | 1 | 1 | 2 | | | | 1 | |
| **Сектор за информатичка поддршка** | | 48,8 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 41 | | | 1 | 1 | 4 | 18 | 5 | 3 | 8 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| пополнети работни места | 20 | | | | | 3 | 10 | 2 | 3 | 1 | 1 | | | | |
| **Сектор за дисеминација** | | 50 | | | | | | | | | | | | | |

| | Вкупно | % на пополнетост на работни места на ниво на сектор | Звања на работни места | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Државен советник | Раководител на сектор | Помошник раководител на сектор | Раководител на одделение | Советник | Виш соработник | Соработник | Помлад соработник | Самостоен референт | Виш референт | Референт | Помлад референт | Работник |
| предвидени работни места | 28 | | | 1 | 1 | 2 | 7 | 2 | 2 | 6 | 3 | 1 | 2 | 1 | 0 |
| пополнети работни места | 14 | | | | | 1 | 5 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | | |
| **Сектор за регионални одделенија** | | 48,9 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 139 | | | 1 | 1 | 9 | 19 | 12 | 16 | 36 | 18 | 10 | 7 | 10 | 0 |
| пополнети работни места | 68 | | | | | 4 | 9 | 6 | 7 | 24 | 8 | 5 | 2 | 3 | |
| **Сектор за поддршка на работењето на директорот** | | 40 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 40 | | | 1 | 1 | 5 | 10 | 4 | 3 | 7 | 5 | 0 | 2 | 1 | 1 |
| пополнети работни места | 16 | | | 1 | | 3 | 3 | 1 | 1 | 3 | 3 | | | | |
| **Одделение за финансиски прашања** | | 55,6 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 9 | | | | | 1 | 3 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 |
| пополнети работни места | 5 | | | | | 1 | 2 | | | 1 | | | | 1 | |
| **Одделение за внатрешна ревизија** | | 66,7 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 3 | | | | | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| пополнети работни места | 2 | | | | | | 2 | | | | | | | | |
| **Одделение за управување со човечки ресурси** | | 20 | | | | | | | | | | | | | |
| предвидени работни места | 10 | | | | | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| пополнети работни места | 2 | | | | | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | | | | | |
| **предвидени работни места** | 436 | | 3 | 9 | 9 | 42 | 98 | 45 | 51 | 107 | 30 | 11 | 15 | 15 | 1 |
| **пополнети работни места** | 206 | | 0 | 4 | 2 | 27 | 52 | 17 | 21 | 54 | 14 | 6 | 3 | 5 | 1 |
| **% на пополнетост** | 47,2 | | | 44.4 | 22.2 | 64.3 | 53.1 | 37.8 | 41.2 | 50.5 | 46.7 | 54.5 | 20 | 33.3 | 100 |

Анализата на податоците во табела 3 покажува дека има големо отстапување помеѓу потребниот (планираниот) број вработени и реалниот број на пополнети работни места. Во Заводот, 52,8 % од работните места не се пополнети, што значи дека се доведува во прашање

нормалното одвивање на работниот процес, исполнувањето на работните задачи, навременоста и квалитетот на реализираните обврски. Пополнетоста на работните места е најкритична кај клучните раководни позиции, односно само 44.4 % изнесува пополнетоста на позицијата раководител на сектор. Состојбата е слична и со останатите работни места и не е одржлива на подолг рок, бидејќи сериозно ја загрозува реализацијата на основната дејност на институцијата.

**Табела 4: Одлив на вработени според причините, 2015 – 2022**

| | Вкупно | Пензионирање | Отказ од вработен | Отказ од институцијата | Смрт | Спогодбено преземање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | 10 | 2 | 5 | 0 | 2 | 1 |
| 2016 | 21 | 13 | 4 | 0 | 0 | 4 |
| 2017 | 14 | 9 | 4 | 1 | 0 | 0 |
| 2018 | 16 | 11 | 4 | 0 | 0 | 1 |
| 2019 | 17 | 7 | 7 | 0 | 0 | 3 |
| 2020 | 18 | 13 | 4 | 0 | 1 | 0 |
| 2021 | 15 | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| 2022 | 21 | 14 | 5 | 0 | 0 | 2 |
| Вкупно | 132 | 79 | 38 | 1 | 3 | 11 |

Одливот на вработените прикажан во табела 4 укажува на фактот дека недостатокот на човечки ресурси веќе е сериозен проблем. Во периодот 2015 – 2022 година, одливот на вработени врз различни основи изнесува 132 лица. Треба да се истакне и фактот дека во периодот 2020 – 2022 година во Заводот не е реализирано ниту едно ново вработување. Вработувањата кои беа планирани со Годишниот план за вработувања за 2022 година, се реализирани на почетокот на 2023 година, при што се вработени 39 лица. И покрај тоа, голем дел од редовните работни и вонредните проектни активности се покриваат со ангажирање на лица по договор за дело.

**Табела 5: Вработени во ДЗС според работното место и припадноста кон етничка заедница**

| Работно место | Вкупно | Припадност кон етничка заедница | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Друго |
| Именувани лица | 2 | 1 | 1 | | | | | | |
| Раководни | 29 | 25 | 1 | | | | 2 | | 1 |
| Нераководни | 177 | 124 | 36 | 3 | 1 | 1 | 10 | 2 | |
| Вкупно | 208 | 150 | 38 | 3 | 1 | 1 | 12 | 2 | 1 |

Податоците за припадноста кон етничката заедница (табела 5) покажуваат дека 72.1 % од вработените се Македонци, 18.2 % се Албанци, а 9.7 % се припадници на останатите заедници. Учеството на Албанците во институцијата е зголемено од 10.5 % во 2010 година на 18.2 % во 2022 година.

**Табела 6: Вработени во ДЗС според степенот на образование и припадноста кон етничка заедница**

| Работно место | Вкупно | Припадност кон етничка заедница | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Друго |
| Вишо и средно образование | 29 | 18 | 8 | 1 | | | 2 | | |
| Високо образование | 179 | 132 | 30 | 2 | 1 | 1 | 10 | 2 | 1 |
| Вкупно | 208 | 150 | 38 | 3 | 1 | 1 | 12 | 2 | 1 |

Образовната структура на вработените (табела 6) покажува дека 86.1 % од вработените се со високо образование, при што 73.7 % од Македонците и 16.8 % од Албанците имаат високо образование.

### 1.1.2. Стручно усовршување на вработените

Стручното усовршување на вработените во ДЗС претставува основен предуслов за создавање стручни, компетентни и високомотивирани вработени кои ќе бидат подготвени да ги задоволат потребите во однос на продуцирањето висококвалитетни и веродостојни статистички податоци, споредливи со развиените земји од ЕУ, не само на ДЗС, туку и потребите на поширок круг корисници. Стручното усовршување и обуката на вработените претставува континуирана активност во ДЗС на која високиот менаџмент посветува големо внимание.

Во 2022 година нема одржано генерички обуки за вработените според Планот за обуки на административните службеници за 2022 година што се во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација.

Во 2022 година се реализирани 108 состаноци на кои присуствуваа 198 претставници на ДЗС и другите овластени носители. Исто така, ДЗС имаше 342 учества на 95 обуки (надворешни обуки – експертски мисии, студиски посети, работилници, семинари, тренинг-курсеви и сл.) организирани од надворешни експерти.

### 1.1.3. Буџет на Државниот завод за статистика

Буџетот на Државниот завод за статистика во 2022 година, наменет за спроведување на редовните програмски и развојни функции изнесуваше 150.917.000 денари, што претставува намалување за 6.639.000 денари (2,98 %) во однос на претходната 2021 година.

Со Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, буџетот на Заводот се зголеми на 162.316.000 денари, што претставува зголемување за 11.398.000 денари (7,55 %) во однос на почетниот буџет за 2022 година.

Со првата Одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, буџетот на Заводот беше намален за 957.000 денари, а со втората Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, буџетот беше зголемен за 872.000 денари.

Во вкупниот буџет на Заводот, учеството на средствата за Програмата 10 - Администрација изнесуваше 2,97 %, а за Програмата 20 - Статистички истражувања изнесуваше 97,03 %.

Во одобрените средства на Заводот, во Програмата 20 - Статистички истражувања најголемо учество од 69,61 % имаа средствата за плати и надоместоци на вработените во Заводот, за исплата на надоместок за годишен одмор 1,30 %, за комунални услуги 11,53 %, додека средствата за спроведување на статистичките истражувања учествуваа со 9,16 %, средствата за капитални расходи учествуваат со 2,05 %, на делот за субвенции и трансфери отпаѓаат 2,44 %. Во останатиот дел од средствата (5,97 %), учество имаа: патните и дневните расходи со 0,12 %, материјалите и ситниот инвентар со 0,76 %, поправките и тековното одржување со 2,57 %, другите тековни расходи со 0,45 % и исплатите по извршни исправи 0,02 %.

Од претходно дадените параметри на буџетот, може да се констатира неговата неповолна структура, пред сè, од аспект на предоминантноста на делот за плати на вработените во однос на средствата за реализација на предвидените статистички истражувања од Петгодишната програма за статистички истражувања.

И покрај големите промени во буџетот на Заводот, искористеноста на одобрените средства со датум 31.12.2022 година изнесува 99,31 %.

### 1.1.4. Внатрешна ревизија

Внатрешната ревизија во ДЗС се спроведува како независна активност на објективно уверување и советување, со цел да се утврди дали се применуваат соодветните политики и процедури, дали се применуваат регулативата и утврдените стандарди, дали средствата се користат ефикасно и економично и дали ефективно се остваруваат планираните цели.

Внатрешната ревизија во Државниот завод за статистика се спроведува во согласност со принципите на законитост, независност, објективност, компетентност, професионалност, интегритет и доверливост.

Внатрешната ревизија му обезбедува на директорот на ДЗС дополнително уверување дека спроведувањето на механизмите за управување и контрола е соодветно, економично и конзистентно со општоприфатените стандарди и националното законодавство, преку анализи, препораки, совети и информации за прегледаните активности, со цел да придонесе за подобрувањето на работењето на ДЗС.

Во текот на 2022 година, во ДЗС продолжи процесот на воспоставување и функционирање на системот на Финансиско управување и контрола (ФУК). Во однос на ФУК, задачата на внатрешната ревизија е да даде препораки за зајакнување на ФУК за транспарентно, регуларно, економично, ефикасно и ефективно користење на расположливите средства.

Внатрешните ревизори во текот на 2022 година извршија 5 ревизии за кои изготвија ревизорски извештаи, врз основа на Стратегискиот и Годишниот план за внатрешна ревизија и плановите за поединечните ревизии, во согласност со меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија. Во наведениот период се изготвени 10 препораки.

Во 2022 година беше изготвен и Годишниот извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за 2020 година.

### 1.1.5. Совет за статистика на Република Македонија

Советот за статистика на Република Македонија претставува стручно и советодавно тело на државната статистика, чија положба и надлежности се утврдени со членовите 10, 11 и 12 од Законот за државната статистика. Советот за статистика на Република Македонија е формиран со Одлука на Собранието на Република Северна Македонија во мај 2019 година, со мандат од 4 години. Советот е составен од претседател и 13 членови.

Во периодот јануари – декември 2022 година, Советот одржа осум седници на кои беа разгледани следните материјали:

1. Извештај за работата на Советот за статистика за периодот јануари – декември 2021 година,
2. Програма за работа на Државниот завод за статистика во 2022 година,
3. Информација за подготовката на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година,
4. Разгледување на Стратегискиот план на Државниот завод за статистика, 2022 – 2024 година,
5. Информација за Прирачникот за внатрешна ревизија на квалитетот на статистичките процеси и продукти,
6. Комуникациска стратегија на Државниот завод за статистика и Акциски планови за дисеминација и промоција,
7. Програма за дисеминација на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година,
8. Информација за текот на подготовките и преземените активности поврзани со Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година,
9. Информација за динамиката на објавување на конечните податоци од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година,
10. Извештај за работата на Државниот завод за статистика во 2021 година,
11. Информација за текот на спроведувањето на проектот со Шведската статистика,
12. Информација за пробниот Попис на земјоделството во Република Северна Македонија, 2022 година,
13. Информација за објаснувачкиот состанок за Поглавје 18 – Статистика, одржан во Луксембург на 16 септември 2022 година,
14. Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, со посебен осврт на прогресот во доменот на статистиката,
15. Информација за скрининг-процесот – подготовка за Билатералниот скрининг-состанок во Луксембург, 14-15 ноември 2022 година,
16. Информација за новиот апликативен систем за Статистички деловен регистар (СДР),
17. Информација за спроведување на ИПА-проектите во Државниот завод за статистика,
18. Разгледување на финалната верзија на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година,
19. Презентирање на првите сателитски сметки во туризмот подготвени врз основа на податоците од 2019 година,
20. Предлог-програма за работа на Советот за статистика во 2023 година со Предлог-буџет.

### 1.1.6. Координативен комитет

Координативниот комитет, како стручно координативно и советодавно тело за координирање на државната статистика, е формиран во мај 2019 година од Владата на Република Северна Македонија.

Координативниот комитет е составен од претседател, кој е претставник на Заводот и по еден член како претставник на Народната банка на Република Северна Македонија и на овластените носители наведени во Програмата за статистички истражувања, од редот на вработените кои се одговорни за вршење статистички активности.

Претседателот и членовите на Координативниот комитет ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија. Директорот на Заводот по функција е претседател на Координативниот комитет. Заводот ги врши административно-техничките работи за потребите на Координативниот комитет.

Во текот на 2022 година Комитетот не одржа седница.

## 1.2. Статистичка инфраструктура

### 1.2.1. Програма за статистички истражувања, 2023 – 2027

Процесот на подготовка на Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година започна во октомври 2021 година, а во текот на 2022 година навремено и целосно се завршија сите планирани фази и активности и програмата беше подготвена со планираната динамика и во утврдениот рок.

Програмата за статистички истражувања е усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија и објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 29/2023.

Во текот на 2022 година беа реализирани следните активности:

Активности поврзани со фазата *Идентификување на потребите на корисниците*

- Подготвен документ: *Анализа на барањата од корисниците, соопштенијата и базата МакСтат*,
- Подготвени се 3 информации од сите производни сектори – анализа на потребите од податоци според регулативите, базата на податоци на Евростат, податоци кои произлегуваат од националните и меѓународни стратегии и според степенот на расположливост/достапност.
- Подготвени се 8 документи: Евалуација на улогата и придонесот на овластените носители (АВРМ, ФПИОМ, ИЈЗ, МП, МВР, НБРМ, УХМР, ИЈЗ).

Во насока на анализа на потребите на корисниците, со поддршка на агенциите на ООН, како и од невладиниот сектор, беа подготвени следните публикации/документи:

- UNWOMEN: *Жените и мажите во Северна Македонија, статистички портрет на трендовите во областа на родовата еднаквост*,
- UNWOMEN: *Препораки за родово меинстримирање на Петгодишната програма*,
- УНФПА: *Анализа на релевантни документи/стратегии со цел идентификување на потреби од статистички податоци*,
- РЕАКТОР: *Родови статистики и родово меинстримирање на статистичкиот систем на Северна Македонија*.

Активности со корисниците

Идентификувањето на потребите на корисниците се одвиваше и преку процес на консултации/состаноци со различни групи корисници (стопански комори, невладини организации, министерства и други државни органи, медиуми, локалната самоуправа, научни институции и сл.). Целта на овој тип комуникација беше директно и непосредно да се разменат мислењата и да се утврдат потребите.
Во текот на месец март 2022 година беа организирани 6 средби со различни целни групи, при што сите дадени забелешки се евидентирани во т.н. Матрица за евидентирање и следење на барањата/предлозите/коментарите од корисниците (матрица на коментари и одговори). По одржувањето на состаноците, до сите корисници беше доставен и писмен прашалник на кој корисниците можеа поопширно да дадат и дополнителни коментари и да ги прошират барањата. Сите тие прашалници, исто така, беа внесени во матрицата и беа споделени со вработените, со цел да послужат како основа при дефинирање на програмата.

Активности со овластените носители

Овластените носители во статистичкиот систем, заедно со Државниот завод за статистика, се одговорни за развој, производство и дисеминација на официјални статистички податоци, во согласност со европското законодавство, стандардите и принципите за квалитет на европската статистика. Во насока на определување институции кои ќе бидат овластени носители во новата Програма, беа спроведени следните активности:

- Беше подготвен план за состаноци со носителите
- Беше подготвена информација *Критериуми за овластените носители*
- Беше подготвен прашалник за овластените носители за самооценување
- Во периодот февруари – март 2022 година беа одржани состаноци со 6 институции носители, а не беа реализираа состаноци со Министерството за финансии и со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување
- Формирани беа посебни работни групи со лица од различни институции во делот на здравствената статистика и за статистиката на криминалитет. Одржани беа неколку работни состаноци со работните групи
- Добиени беа прашалници од носителите во кои се дава самооценка за степенот на подготвеност и усогласеност со критериумите за носители
- Беше одржан настан за носителите (15.06.2022 година) на тема: *Програма за статистички истражувања, 2023 – 2027 – потреби, можности, предизвици и перспективи*, со цел пред корисниците и носителите уште еднаш да се презентира важноста на програмата и на статистиката генерално.

Врз основа на анализите за улогата и придонесот на овластените носители, прашалниците за самоевалуација, како и задоволувањето на критериумите за носители, ДЗС реши дека во Програмата за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година како овластени носители да останат: Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Министерството за правда/Судскиот совет на Република Северна Македонија.

### 1.2.2. Статистички регистри

1.2.2.1. Статистички регистар на просторни единици

Во 2022 година беа анализирани просторните податоци од Пописот, а по обработката и објавувањето на податоците беше подготвен и објавен *Статистички атлас*, во кој преку тематски карти е прикажана дистрибуцијата на појавите поврзани со Пописот. Во текот на 2022 година започна користењето на просторните податоци од Пописот во планирањето и спроведувањето на статистичките истражувања.

1.2.2.2. Статистички деловен регистар

Статистичкиот деловен регистар (СДР) беше ажуриран редовно со тековна контрола на точноста и квалитетот на податоците, особено на податоците за дејноста, големината и адресните податоци на деловните субјекти.

Континуирано се работеше на развивањето на логичкиот дизајн на новото апликативно решение за СДР, со кое воедно ќе се постигне усогласеност со европските стандарди и препораки наведени во новата регулатива за Европските деловни статистики (EU) 2019/2152. За таа цел се воведоа статистичките единици: сложено претпријатие и единица според видот на дејноста, како и алгоритми со кои се обезбедуваат излезни податоци за демографијата на претпријатијата и бројот на активни деловни субјекти во согласност со статистичката методологија.

### 1.2.3. Управување со квалитетот

За да се осигури примената на Кодексот на работа на европската статистика во одделни статистички продукти и процеси, од клучно значење е постоењето на внатрешната ревизија на квалитетот. За таа цел, во институцијата беше формирана Работна група од внатрешни ревизори на квалитет, која беше обучена од надворешен експерт и ги започна своите активности со почитување на Прирачникот за внатрешна ревизија на квалитетот на продуктите и процесите.

За подобрување на видливоста на квалитетот, дизајнирано е посебно поглавје за квалитет на веб-страницата на Државниот завод за статистика. Исто така, се подобри навременоста на известувањето за квалитет преку подготовка на Извештаите за квалитет во формат СИМС.

### 1.2.4. Користење административни извори на податоци и намалување на оптовареноста на известајните единици

Намалувањето на оптовареноста на известајните единици претставува мошне важна активност на ДЗС поради што е утврдена како приоритетна цел во приоритетот „Јакнење на соработката со давателите на податоци и носителите на збирки на податоци“ од Стратегискиот план на ДЗС, 2022 – 2024. Притоа, намалувањето на оптовареноста најефективно се постигнува преку користење на административните извори на податоци и преку воспоставениот електронски систем за прибирање податоци еСтат во ДЗС.

Во контекст на следењето на активностите на ДЗС за користење на административните извори, формирана е работна група чија основна цел е централизирано да ги следи активностите поврзани со користењето на административните извори (определување рамка за управување, оценка на квалитетот на административните извори, имплементација на

препораките од последното Партнерско оценување и идентификување нови можни административни извори.

Во 2022 година во ДЗС продолжи примената на електронскиот систем за прибирање податоци – еСтат, преку кој извештајните единици/деловните субјекти поедноставно и полесно може да ги доставуваат податоците преку веб-прашалници.

### 1.2.5. Новитети кај одделни статистички истражувања

Во 2022 година ги имаме следните новитети:

- Автоматизација на процесите за валидација во Анкетата за работната сила и АПУЖ, како и подобрување на постапката при пресметување на годишните грешкиземајќи го предвид ротацискиот метод.
- Користењето новини во дизајнот на примерокот заради подобри коефициенти на варијација:
    - Истражување за иновации и иновациски активности на деловните субјекти – избор на примерок, пондерирање, обработка, анализа на податоците и испраќање агрегирани податоци и микроподатоци до Евростат;
    - Истражување за отпад по сектори на економска активност ЖС.О.1 – избор на примерок и обработка;
    - Истражување за комунален отпад ЖС.О.2 – избор на примерок и обработка;
    - Истражување за потрошувачка на енергенти во домаќинствата АПЕД – избор на примерок;
    - Истражување за промет во трговијата по групи на производи ТРГ.21 – избор на примерок и автоматизација на обработките.

### 1.2.6. Метаинформациски систем и електронско прибирање податоци

Следејќи ги регулативите на ЕСС, ДЗС објавува референтни метаподатоци на својата веб-страница во согласност со стандардот за Единствена интегрирана метаподаточна структура, v2.0. За таа цел се користи информатички систем изработен во Заводот за документирање и објавување референтни метаподатоци на стандардизиран начин во трите структури (ESMS, ESQRS и SIMS), како што е пропишано во регулативата.

Системот за електронско прибирање податоци активно функционираше во 2022 година, со вклучени статистички истражувања од различни области и периодика на спроведување.

Неговата примена ги поддржува критериумите и ги зајакнува столбовите на Политиката за квалитет:

- Подобрување на навременоста;
- Подобрување на прецизноста на податоците;
- Рационално користење на расположливите ресурси.

### 1.2.7. Сигурност на податоците и статистичка доверливост

Следејќи го интересот на корисниците за обезбедување пристап до микро податоци за научно-истражувачки цели, како и препораките на европските и меѓународните статистички институции за обезбедување целосна сигурност на индивидуалните податоци, Државниот завод за статистика обезбеди спорведување на методи и техники за заштита од разоткривање на индивидуалните статистички податоци. Пристап до анонимизирани статистички податоци беше обезбеден за научно-истражувачки цели.

Во 2022 година беа регистрирани двајца корисници на микроподатоци.

## 1.3. Информатичка инфраструктура

### 1.3.1. Развој на ИТ-системот за поддршка на статистичкиот бизнис процес

Активностите на проектот од програмата ИПА 2017, финансиран од ЕУ, кој започна во 2019 година, интензивно продолжија и во текот на 2021 и 2022 година. Една од компонентите на системот се однесува за развој на информатички (ИТ) систем за поддршка на планирањето на статистичките истражувања, спроведување на сите активности поврзани со нивна реализација и следење на навременоста во однос на нивното извршување.

Во текот на 2022 година се работеше на трите клучни модули: модул за контрола на процесите и програмите за работа, модул за класификациите и модул за безбедноста. Единствена функционалност во овој дел е постигната во продуцирање на годишната и петгодишната програма за работа. Вработените во ДЗС за целото времетраење на проектот се вклучени во обезбедување на потребните информации и следење на сработеното од страна на ангажираните експерти.

Проектот заврши и не се реализираа планираните модули и функции на системот. Се прават обиди за изнаоѓање на соодветно решение за продолжување со планираните активности.

### 1.3.2. Техничка инфраструктура

По завршување на Пописот за населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година, на Државниот завод за статистика му останаа 5650 лаптопи набавени за негово спроведување. Во 2022 година се пристапи кон преконфигурација на лаптопите и нивна подготовка за трајно отстапување на други институции. Сите 5650 лаптопи беа преконфигурирани и заклучно со декември 2022 година, Заводот, односно Владата на Република Северна Македонија, во соодветна постапка отстапи 4900 лаптопи на повеќе институции и министерства.

Во 2022 година е направена миграција на системот за електронска пошта. Од дотогашната платформа за електронска пошта на сервер Zimbra и клиент Thunderbird се премина на клауд решение на сервер Microsoft exchange и клиент Outlook. Лиценците за Microsoft office 365, сервер Microsoft exchange и клиент Outlook се обезбедени со средства од буџетот.

Во 2022 година е извршено поставување на кабелска инсталација за компјутерска мрежа на четвртиот и петтиот кат во зградата на ДЗС. Поставени се мрежни уреди-свичеви на двата ката и извршено е нивно поврзување на оптичката backbone мрежа на Заводот.

Дополнително, старата телефонска централа Siemens, која беше во функција повеќе од 20 години, беше заменета со нова централа Grandstream, при што се премина на IP-телефонија, а воедно беа набавени и поставени нови IP-телефони во работните простории на Заводот.

### 1.4.1. Дисеминација на податоците

Главна цел на дисеминацијата е да се обезбеди што поголема достапност и јавност на сите продукти и услуги на ДЗС, со што се исполнуваат современите потреби на корисниците на официјалните статистички податоци.

Преку системот за дисеминација се остварува и една од главните стратегиски определби на институцијата и еден од принципите на квалитетот – сите податоци што се произведуваат од статистичките истражувања да се јавно достапни истовремено за сите корисници и во рок определен со Календарот на објавување на податоците.

### 1.4.2. Статистичките податоци се достапни онлајн – повеќе податоци и повеќе корисници

Веб-страницата е главен канал за дисеминација на статистичките податоци и информации. Во текот на 2022 година, која беше во знакот на објавувањето на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, беа вложени максимални напори од вработените во ДЗС за да се обезбеди почитување на законскиот рок за објавување на пописните податоци, а истовремено и да се почитуваат роковите во Календарот за навременост. И покрај ограничените човечки ресурси, со огромна посветеност на вработените, беа објавени сите изданија предвидени за 2022 година.

На 30 март 2022 година беше објавен првиот сет на податоци од Пописот и по тој повод беше организиран голем настан на кој, во присуство на огромен број гости од државата и од регионот, беа презентирани основните податоци од Пописот 2021.

Имајќи предвид дека државата чекаше речиси 20 години за нови пописни податоци, настанот привлече огромно внимание и во текот на следните денови, па и речиси цел месец, медиумите беа полни со коментари и осврти на објавените податоци.

Според Програмата за објавување на податоците од Пописот 2021, податоците се објавуваа во сетови на табели во базата на податоци МакСтат, придружени со соодветни соопштенија за јавноста.

Последниот сет на податоци од Пописот беше објавен на 21 декември 2022 година.

Исто така, на 20 октомври, по повод Европскиот ден на статистиката, беше објавена и публикација посветена на резултатите од Пописот 2021, која беше подготвена и финансиски поддржана од Канцеларијата на UNFPA во Скопје.

Во декември 2022 беше објавен и Статистичкиот атлас – картографска презентација на податоците од Пописот 2021.

Во текот на 2022 година, веб-страницата на ДЗС беше посетена 1 388 123 пати.

Базата на податоци МакСтат, поставена на веб-страницата на ДЗС, на корисниците им овозможува пристап, селектирање и излезни податоци во различни формати (xlsx, csv, json...), како и автоматизиран пристап до податоците во неа преку API. Во 2022 година, бројот на посети на базата на податоци изнесуваше 133 620. Од следењето на посетеноста, најпосетени табели во 2022 година беа табелите од областите: Пописи, Население, Образование и наука, Земјоделство, Пазар на трудот и Надворешна трговија.

**Графикон 1. Посети на базата на податоци МакСтат на веб-страницата на ДЗС, 2022**



Во текот на 2022 година, со помош на експерти од Шведскиот завод за статистика и во рамките на тековниот проект „Зголемување на достапноста и користењето на официјалните статистички податоци во Северна Македонија“,
започнаа активности за подготовка на нова веб-страница на Заводот. И покрај кадровските проблеми, работите се одвиваат според акцискиот план и се очекува новата веб-страница да биде јавно достапна до крајот на 2023 година.

### 1.4.3. Публицистичка дејност на институцијата

Резултатите од статистичките истражувања, објавени во статистичките публикации, се достапни за корисниците во земјата и во странство.

Статистиката за дисеминацијата покажува дека во 2022 година се остварени следните резултати:

- Во текот на 2022 година беа објавени вкупно 327 соопштенија, 6 мултидоменски публикации, 1 статистички преглед и 12 изданија на Месечниот статистички извештај.
- Во рамките на публицистичката дејност на ДЗС, во 2022 година беа објавени: *„Статистички годишник на Република Северна Македонија“* – публикација во која се презентирани статистички податоци за демографската, социјалната и економската состојба во Република Северна Македонија, како и податоци за подолг временски период. Во посебно поглавје се презентирани споредбени податоци со другите земји во Европа и во светот.
- *„Северна Македонија во бројки“* – мал статистички годишник во кој преку табели и графикони се презентирани податоци за Република Северна Македонија од сите области што се покриени со истражувањата што ги спроведува Државниот завод за статистика.
- *„Регионите во Северна Македонија“* содржи најнови економски и социодемографски податоци за регионите во државата. Статистичките податоци за регионите претставуваат придонес во исполнувањето на обврските на Република Северна Македонија во рамките на регионалната политика на Европската Унија. Во оваа публикација, преку јасни и едноставни табели, мапи и графикони, статистичките региони се претставени во повеќе области, а кратките коментари придонесуваат за едноставно забележување на карактеристиките, сличностите и разликите меѓу регионите.
- *„МакСтат избор“* – за првпат објавена во 2016 година, во која на еден поинаков начин се презентирани дел од податоците со кои располага Заводот, а за кои ценевме дека се интересни за поголемиот дел од нашите корисници. Публикацијата е поделена во 20 области во кои преку табели, графикони, инфографици и кратки коментари се презентирани трендовите на дел од појавите што ги следи статистиката. Низ страниците се преточени голем број податоци кои визуелно ги претставуваат социоекономските случувања во Република Северна Македонија и претставуваат слика на она што е денес нашата земја.
- *„Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија, Попис 2021“* – публикацијата претставува приказ на дел од податоците од Пописот 2021 и како печатено издание претставува континуитет на печатените публикации од

претходните пописи на населението спроведени на територијата на Република Северна Македонија.

Во ова издание, преку 22 табели се презентирани основните податоци за населението и неговите демографски, образовни и економски карактеристики, а презентирани се и основните податоци за домаќинствата и становите во Република Северна Македонија на ниво на општини.

- „*Статистички атлас, Попис 2021*“ – една сосема поинаква публикација во која со географски приказ, на 125 тематски карти, се претставени состојбите во општините во Република Северна Македонија на планот на демографските и виталните движења на населението, неговите етнокултурни, образовни и економски карактеристики, како и избрани податоци за домаќинствата и становите.

Сите публикации се расположливи за корисниците и на веб-страницата на Државниот завод за статистика: www.stat.gov.mk.

**Графикон 2. Број на посети на едицијата „Публикации“**




Во делот на објавените публикации, според статистиката на посетеност на веб-страницата во 2022 година, Месечниот статистички извештај е најпосетената публикација.

**Графикон 3. Број на пребарувања на едицијата „Соопштенија“**



Во 2022 година, најпребарувано беше соопштението за просечната нето-плата, потоа соопштението за Попис 2021, соопштението за индексите на трошоците на животот според COICOP и цени на мало, итн.

### 1.4.4. Едноставно доставување на податоците до корисниците

Освен податоците и информациите на веб-страницата, корисниците имаат можност да доставуваат барања за податоци и информации. Во текот на 2022 година беше одговорено на 659 барања за статистички податоци, од кои најголем дел беа одговорени по електронска пошта, а беа дадени и околу 500 телефонски информации за статистички податоци.

### 1.4.5. Поголема застапеност на статистичките податоци во медиумите и ПР-активности

Медиумите се многу важен дел од корисниците на официјалните статистички податоци, бидејќи преку медиумите статистичките податоци се достапни до широката јавност. Едицијата „Соопштенија“ е најчесто користен продукт од страна на новинарите. Државниот завод за статистика ги следи печатените медиуми и веб-порталите и, според податоците, во 2022 година беа објавени околу 5000 написи посветени на официјалната статистика и Пописот 2021.

На планот на односите со јавноста и активностите поврзани со нив, 2022 година беше во знакот на објавувањето на податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите. Целото внимание на јавноста беше насочено кон резултатите од оваа долгоочекувана операција и затоа ДЗС посвети максимални напори за почитување на предвидените рокови и навремено објавување на сетовите на податоци. Секој нов сет на податоци беше навремено најавуван во јавноста, а медиумите коректно и професионално ги пренесуваа информациите што ги објавуваше Заводот. Во текот на целата година, претставници на Заводот редовно беа поканувани на интервјуа, но не само за пописните податоци, туку и за актуелни теми од типот на енергетската криза, инфлацијата и слично.

# 2. СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

## 2.1. Социјални статистики

### 2.1.1. Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година

### 2.1.1. Попис на населението, домаќинствата и становите, 2021 година

Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија беше спроведен во периодот од 5 до 30 септември 2021 година и сите активности планирани со Пописот се успешно завршени.
Согласно Програмата и Акцискиот план за објавување на финалните резултати од Пописот, до декември 2022 година, сукцесивно се објавени сите планирани пописни податоци на ниво на општини, а податоците се достапни во базата МакСтат (PX-Web), на веб-страницата на ДЗС. Исто така, во истиот период беа објавени:

- Публикација со главните белези од објавените табели во базата МакСтат на веб-страницата на ДЗС,
- Пописен атлас и
- сет на податоци со главните белези на ниво на населени места.

### 2.1.2. Активности во другите области од социјалните статистики

- Продолжи соработката со Министерството за образование и наука со цел податоците за запишани и завршени ученици во основното и средното образование да се добиваат од министерството како административен извор.
- Продолжија активностите со цел воспоставување соработка и разгледување на можноста за нови начини на добивање податоци за запишани и завршени студенти на додипломски и постдипломски студии (УКИМ, подоцна и останатите универзитети да бидат директен административен извор на податоци).
- Анкетата за континуирана професионална обука беше спроведена успешно. Завршени се проверката и обработката на податоците кои се објавени во соопштение. Исто така, податоците се доставени до Евростат и се валидирани од нивна страна. Останува обврската кон Евростат за подготовка на табелите во МакСтат и Извештајот за квалитет.

**Реализирани статистички истражувања**

| Периодика – област | Број на истражувања во 2022 година | Број на истражувања во 2021 година |
|---|---|---|
| **Одделение за статистика на население** | | |
| годишни | 7 | 7 |
| десетгодишни<br>Попис на населението, домаќинствата и становите | 1 | |
| **вкупно** | **8** | **7** |
| **Одделение за социјална заштита, судски и јавни статистики** | | |
| годишни | 25 | 27 |
| двегодишни | - | 1 |
| тригодишни | 3 | - |
| петгодишни | - | - |
| вкупно | **28** | **28** |
| **Одделение за образование и наука** | | |
| годишни | 18 | 17 |
| двегодишни | - | - |
| тригодишни | - | - |
| петгодишни | 1 | - |
| десетгодишни | - | |
| вкупно | **19** | **17** |
| **Вкупно: Сектор за социјални статистики** | **55** | **53** |

## 2.2. Сектор за пазар на трудот

### 2.2.1 Сектор за пазар на трудот - активности

- И во 2022 година продолжи имплементацијата на регулативата Интегрирани европски социјални статистики во доменот на работната сила (Анкета за работната сила) и во доменот Образование и обука (Анкета за образование на возрасни).
- Во периодот октомври – ноември 2022 година беше спроведена по вторпат Анкетата за образование на возрасни. За прибирање на податоците за првпат се користеше метод CAPI. Во тек е обработката на материјалот.
- Продолжи реализацијата на статистичкиот проект за Хармонизираниот индекс на трошоците на животот и Индексот на цените за домување преку ИПА 2019 (МБП).
- Во текот на 2022 година беше анализирана состојбата на кварталното истражување Анкета за слободните работни места, а истото продолжува и во 2023 година за преземање на податоците за истражувањето од административен извор (Агенција за вработување на Република Северна Македонија и Управата за јавни приходи) и споредба на добиените податоци од административен извор.
- Споредба и објавување на податоците добиени од АЦТ со соодветните административни податоци од Управата за јавни приходи и анализа на точноста и совпаѓањето на двата извора.

**Реализирани статистички истражувања**

| Периодика – област | Број на истражувања во 2022 година | Број на истражувања во 2021 година |
|---|---|---|
| **Одделение за животен стандард** | | |
| месечни | 1 | 1 |
| годишни | 2 | 2 |
| аналитички | 1 | 1 |
| десетгодишни | - | - |
| **вкупно** | **4** | **4** |
| **Одделение за пазар на трудот** | | |
| тримесечни (АРС) | 1 | 1 |
| четиригодишни (РБН) | 1 | - |
| шестгодишни (АОВ) | 1 | - |
| **вкупно** | **3** | **1** |
| **Одделение за плати** | | |
| месечни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| годишни | 1 | 1 |
| четиригодишни | 1 | - |
| **вкупно** | **5** | **4** |
| **Вкупно: Сектор за пазар на трудот** | **12** | **9** |

## 2.3. Национални сметки

### 2.3.1. Национални сметки - активности

- Во областа на макроекономските статистики континуирано се работеше на подобрување на податоците во согласност со СНС 2008 (System of National Accounts, SNA 2008) и ЕСС 2010 (European System of Accounts, ESA 2010) и нивна трансмисија до ЕВРОСТАТ.

- Се работеше на аналитичките истражувања и истражувањата со статистички обрасци,

- Продолжи реализацијата на статистичките проекти од ИПА 2019 (МБП) –регионална.

- Табелите за понуда и употреба на стоки и услуги за 2019 година, во согласност со ESA 2010, беа објавени во 2022 година и испратени до Евростат.
- Континуирано беа испраќани податоци за клучните табели според Програмата за трансмисија на податоци ЕСС 2010 на Евростат. Беа подготвени и испратени во Евростат табелите Т0101 и Т0102 за главните агрегати на БДП за 2020 година (дефинитивни податоци) и за 2021 година (претходни податоци) на годишно, како и податоците за БДП на квартално ниво заклучно со третиот квартал од 2022 година. Сезонските и календарски приспособените податоци се подготвија како дел од ИПА 2019 во рамките на проектот 1.4 Програма за трансмисија, годишни и квартални национални сметки и извештај за квалитет. Овие податоци редовно се пресметуваат и се трансмитираат до Евростат.
- Продолжи ажурирањето на серијата на податоци од табела 302 – Инвестиции во основни средства по тековни цени. Податоци за серијата 2000 – 2020 година, дефинитивни податоци и претходни податоци за 2021 беа испратени до Евростат и се изврши нивна валидација.
- Беше подготвена и испратена до Евростат табелата Т1200 за компонентите на БДП по дејности од НКД, рев. 2 на регионално ниво за 2020 година (дефинитивни податоци). Беа објавени претходни податоци за БДП на регионално ниво за 2021 година.
- Во април и октомври 2022 година беа подготвени и испратени до Евростат ЕДП-нотификациските табели за периодот од 2018 до 2022 година и Прашалниците (1-5) поврзани со ЕДП-нотификациските табели. Прашалниците се сѐ уште во процес на подобрување. Континуирано се одговараше на прашањата на Евростат за потврдување на пратените податоци.
- Согласно со заклучокот на Владата на Република Северна Македонија од 28 април 2020 година, ДЗС, со податоци од институции кои се дел од на работната група формирана за подготвување на Здравствени национални сметки, ги ревидира податоците за 2017 и 2018 година и ги објави податоците за 2019 и 2020 година.
- Редовно се одвиваа активности во областа на надворешната трговија. Во 2022 година беа подготвени и објавени во соопштение ТЕК-податоците (стоковна размена според економските карактеристики на претпријатијата) за референтната 2020 година. Податоците за ТЕК за референтната 2019 година беа доставени до Евростат во формат SDMX.

- Во текот на октомври 2022 година започна пополнувањето на извештаите за квалитет во Евростат со користење на алатката ESS-MH (ESS Metadata Handler application). За статистиката на меѓународна трговија за стоки, за референтен период 2020 година и меѓународна трговија според економските карактеристики на претпријатијата за референтен период 2019 година, беа пополнети детални податоци и истите редовно ќе се ажурираат.
- Редовно беа испраќани податоци до ММФ во согласност со стандардот СДДС плус.

**Реализирани статистички истражувања**

| Периодика – област | Број на истражувања во 2022 година | Број на истражувања во 2021 година |
|---|---|---|
| годишни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 1 | 1 |
| по план за анкети од Евростат | 7 | 8 |
| аналитички | 43 | 43 |
| **Вкупно: Сектор за национални сметки** | 54 | 55 |

## 2.4. Сектор за деловни статистики

Во 2022 година продолжија активностите кои беа во функција на подобрување на статистиките од областа на деловните статистики и на хармонизирање на статистиките со европските регулативи и беа реализирани статистичките истражувања во согласност со Годишната програма за работа.

### 2.4.1. Деловни статистики - активности

Во делот на статистичките истражувања од областа на деловните статистики (прибирање, обработка и дисеминација) во 2022 година беше реализирано следното:

- ИФАТС-популацијата беше дефинирана за 2020 година и беа објавени податоците за ИФАТС во декември 2022 година.
- Преку ИПА МБП 2017, во рамките на проектот за подобрување на податоците од структурно деловните статистики и демографијата на претпријатија, обезбедени се и доставени податоци за основните карактеристики на деловните субјекти од финансискиот сектор кои, според Регулативата за структурно-деловните статистики ЕБС, се вклучени во Анекс 1.
- Во однос на демографијата на претпријатијата, обезбедени се податоци за брзорастечките претпријатија и нивните основни карактеристики, како и на останатите податоци кои недостасуваа, со што до Евростат е доставен целосниот сет на податоци кој го бара регулативата.

- Краткорочни статистики – се работеше на подготвителни активности за воведување три дополнителни услуги во истражувањето Цени на производители на услуги (веќе се воведни три вида услуги).
- Истражување PRODCOM – се следат промените во PRODCOM и редовно се имплементираат; податоците беа доставени до Евростат.
- Статистиките за туризам, истражување и развој, иновации и користење ИКТ во деловните субјекти и домаќинствата редовно се доставуваат до Евростат придружени со Извештај за квалитет. Во септември 2022 година за првпат се објавија економските сметки во туризмот како резултат на активностите кои се реализираа во рамките на националниот проект ИПА 2017.

**Реализирани статистички истражувања**

| Периодика – област | Број на истражувања во 2022 година | Број на истражувања во 2021 година |
|---|---|---|
| **Одделение за внатрешна трговија, туризам и угостителство** | | |
| **Внатрешна трговија** | | |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 1 | 1 |
| двегодишни | 1 | - |
| **Туризам и угостителство** | | |
| месечни | 2 | 2 |
| тримесечни | 2 | 2 |
| годишни | 2 | 2 |
| **тригодишни** | **2** | **0** |
| **вкупно** | **11** | **8** |
| **Одделение за индустрија, градежништво и деловни тенденции** | | |
| **Индустрија** | | |
| месечни | 4 | 4 |
| годишни | 1 | 1 |
| **Градежништво** | | |
| месечни | 2 | 2 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| годишни | 5 | 5 |
| **вкупно** | **13** | **13** |
| **Одделение за статистички деловен регистар** | | |
| годишни | **1** | **1** |

| Периодика – област | Број на истражувања во 2022 година | Број на истражувања во 2021 година |
|---|---|---|
| **Одделение за структурни деловни статистики и ФАТС и демографија на претпријатија** | | |
| годишни | 4 | 4 |
| полугодишни | | |
| тримесечни | | |
| месечни | | |
| **Вкупно** | **4** | **4** |
| **Одделение за цени** | | |
| годишни | | |
| полугодишни | | |
| тримесечни | 1 | 1 |
| месечни | 5 | 5 |
| **Вкупно** | **6** | **6** |
| **Одделение за ИКТ, истражување и развој и иновации** | | |
| годишни | 3 | 3 |
| **Вкупно** | **3** | **3** |
| **Вкупно: Сектор за деловни статистики** | **38** | **35** |

## 2.5. Сектор за земјоделски статистики и статистики на животната средина

### 2.5.1. Земјоделски статистики - активности

- Континуирано се вршеше усогласување на земјоделските статистики со регулативите на ЕУ.
- Во периодот од 15 до 30 јуни 2022 година беше спроведен Пробниот попис на земјоделство во избрани семејни земјоделски стопанства и деловни субјекти на територијата на државата. Методолошките и организациските аспекти на Пописот беа целосно усогласени со европските Регулативи бр. 2018/1091, 2018/1874 и 2021/2286.
- Со цел рационализација и намалување на оптовареноста на извештајните единици, направена е ревизија и намалување на бројот на статистичките истражувања од областа на шумарството.

- Беа публикувани статистички податоци за рибарството, продуцирани во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 762/2008.
- Зголемен е бројот на варијаблите од областа на статистиката на органското производство, публикувани во базата на податоци МакСтат.

### 2.5.2. Статистики на животната средина, енергетиката и транспортот - активности

- Континуирано се вршеше усогласување на транспортните, енергетските статистики и статистиката на животна средина со регулативите на ЕУ.
- Во областа на статистиката на енергетиката, беше направена рационализација и редизајн на статистичките истражувања со цел намалување на оптовареноста на извештајните единици.
- Во енергетските биланси беше подобрена опфатноста на видовите енергенти. Исто така, беа спроведени другите редовни истражувања од областа на статистиката на енергетиката.
- Во областа на статистиката на животната средина, беа подготвени монетарните сметки за животната средина, кои ги опфаќаат даноците за животна средина и трошоците за заштита на животната средина. Исто така, беа продуцирани статистички податоци за статистиката на отпадот и за статистиката на водите.
- За првпат беа составени експериментални сметки за секторот за еколошки стоки и услуги (СЕСУ), како и сметки на физички енергетски текови (ПЕФА).
- Во областа на транспортните статистики беа спроведени сите планирани статистички истражувања и редовно беа подготвувани и доставувани податоци до Евростат и до другите меѓународни организации.

**Реализирани статистички истражувања**

| Периодика – област | Број на истражувања во 2022 година | Број на истражувања во 2021 година |
|---|---|---|
| **Одделение за животна средина, енергетика и транспорт** | | |
| **Животна средина** | | |
| двегодишни | - | 1 |
| годишни | 5 | 4 |
| **Водостопанство** | | |
| тригодишни | - | - |
| годишни | 3 | 3 |
| **Енергија** | | |
| тригодишни | - | 1 |
| годишни | 13 | 12 |
| месечни | 11 | 11 |
| полугодишни | 2 | 2 |
| **Транспорт** | | |
| годишни | 12 | 11 |
| петгодишни | - | - |

| Периодика – област | Број на истражувања во 2022 година | Број на истражувања во 2021 година |
|---|---|---|
| месечни | 1 | 1 |
| тримесечни | 3 | 3 |
| **Вкупно:** | **50** | **49** |
| **Одделение за земјоделски статистики** | | |
| **Земјоделство - општо** | | |
| тригодишни | | - |
| годишни | 2 | 2 |
| месечни | 3 | 2 |
| **Растително производство** | | |
| годишни | 7 | 7 |
| **Добиточно производство** | | |
| годишни | 3 | 3 |
| месечни | 2 | 2 |
| **Шумарство** | | |
| годишни | 7 | 7 |
| тримесечни | 1 | 1 |
| **Лов и риболов** | | |
| годишни | 2 | 2 |
| **Вкупно:** | **27** | **26** |
| **Вкупно: Сектор за земјоделски статистики и статистики на животната средина** | **77** | **75** |

## 2.6. Сектор за регионални одделенија

Во согласност со Правилникот за внатрешна организација, ДЗС е организиран во централна институција во Скопје и осум регионални одделенија (РОС) на територијата на целата држава (Скопје, Тетово, Куманово, Велес, Штип, Битола, Охрид и Струмица).

Основната улога на регионалните одделенија е прибирање податоци, шифрирање и прва контрола на статистичките обрасци кои се прибираат од извештајните единици. За одреден број статистички истражувања РОС вршат внес и техничка обработка на податоците (од областа на демографијата). Покрај наведената улога, регионалните одделенија имаат важна улога во процесот на формирање и ажурирање на анкетарската мрежа. Имено,

регионалните одделенија имаат примарно значење во постапката на евидентирање и селектирање на кандидатите за анкетари кои ја составуваат анкетарската мрежа на ДЗС, како и во секојдневниот контакт со нив при спроведувањето на анкетните истражувања.

Со оглед на тоа дека во ДЗС сè уште примарен извор на податоци се известајните единици кои доставуваат податоци преку статистички обрасци, регионалните одделенија, и покрај сè поголемото значење на административните извори на податоци, и понатаму имаат примарна улога во процесот на обезбедување статистички информации од терен.

# 3. ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

## 3.1. Европска интеграција

Процесот на европска интеграција на Република Северна Македонија во областа на статистиката се реализира во непосредна соработка со Евростат, кој му дава помош и поддршка на ДЗС, како национален координатор на статистичкиот систем на земјата, во процесот на усогласување на националните статистички стандарди и податоци со меѓународните статистички стандарди и податоци, особено од земјите членки на ЕУ.

Државниот завод за статистика, како координатор на Работната група број 18 - Статистика, во функција на редовно, квалитетно и навремено следење и информирање за напредокот во усвојувањето на законодавството на ЕУ, континуирано го организира и го координира работењето на Работната група.

На состанокот на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика, одржан во 2022 година, Европската комисија, исто како и во претходната година, го потенцира прогресот што го има направено ДЗС во периодот помеѓу состаноците.

Во Извештајот на ЕК за напредокот на РСМ во 2022 година се констатира дека државата е умерено подготвена во областа на статистиката. Постигнат е добар напредок, особено со објавувањето на првата серија податоци од Пописот на населението во пролетта 2022 година. Забележани се подобрувања во сите статистички области и во натамошното усогласување на секторските статистики со стандардите на ЕУ, вклучително и преку зголемена примена на административни извори. Потребни се континуирани напори за подобрување на опсегот и на квалитетот на податоците од макроекономската и социјалната статистика. Со оглед на тоа што минатогодишните препораки не беа целосно спроведени, во наредната година земјата треба:

- Да ги објави сите резултати од Пописот на населението до крајот на 2022 година и да осигури дека резултатите од пописот се земени предвид во донесувањето одлуки и во распределбата на средства;
- Итно да обезбеди соодветна кадровска екипираност и доволно финансиски средства за Државниот завод за статистика;
- Да продолжи да ги усогласува финансиските сметки и кварталните национални сметки со Европскиот систем на сметки 2010 (ЕСС 2010).

Поглавјето 18 – Статистика е дел од првиот кластер на поглавја Фундаментални вредности. Активностите во ова поглавје овозможуваат националниот статистички систем соодветно да ги исполни барањата на правото на ЕУ во областа на статистиката. Правилата и политиките

на ЕУ во оваа област имаат за цел обезбедување висококвалитетни статистички податоци во согласност со регулативите на ЕУ и со меѓународните препораки.

Во септември, во Евростат се одржа скрининг-состанок за поглавјето 18 – Статистика, како дел од процесот на започнување на преговорите за пристапување кон ЕУ. Целта на овој скрининг-состанок беше Евростат да ги запознае земјите кандидати со правото на Европската Унија и да ги подготви за преговорите.

Во ноември, во Евростат претставници од Државниот завод за статистика, Министерството за внатрешни работи, Институтот за јавно здравје, како и други државни институции кои работат на ова поглавје, го презентираа пред експертите на Европската комисија нивото на усогласеност на националната законска рамка со европското право кое се однесува на поглавјето Статистика. Исто така, беше презентиран и степенот на имплементација на постоечката законска рамка, како и институционалните капацитети потребни за целосно спроведување на новите европски регулативи и директиви.

## 3.2. Меѓународни проекти во кои беше вклучен ДЗС

### 3.2.1. Тековни проекти на Европската комисија

3.2.1.1. Национални проекти

- **Национална програма ИПА 2017** (http://www.stat.gov.mk/Proekti.aspx)

Националната програма ИПА 2017 „Унапредување на производството и дисеминацијата на статистичките податоци", финансирана од ЕУ, до крајот на септември 2022 година, продолжи со активностите со цел да ги подобри квалитетот и достапноста на статистичките податоци во Република Северна Македонија и да го унапреди нивното користење во изработката и координацијата на јавните политики.
Проектот се состоеше од 4 компоненти:

- **Компонента 1:** Дополнително усогласување со стандардите на ЕУ на полето на макроекономската статистика
- **Компонента 2:** Дополнително усогласување со стандардите на ЕУ на полето на деловната статистика
- **Компонента 3**: Дополнително усогласување со стандардите на ЕУ на полето на социјалната статистика
- **Компонента 4:** Дополнително подобрена инфраструктура на информатичко-комуникациската технологија (ИКТ).

- **Национален проект на Шведската статистика и ДЗС: Зголемена достапност и употреба на официјална статистика во Република Северна Македонија**

Развојна цел на проектот е зголемување на довербата кај корисниците на статистичките податоци во Република Северна Македонија, а проектна цел е зголемена достапност и употреба на официјална статистика во Република Северна Македонија. Почетниот настан на проектот беше на 19 октомври 2021 година. Проектот е заеднички имплементиран од Државниот завод за статистика и Шведската статистика, а финансиран од СИДА. Во текот на

2022 година, во периодот по КОВИД, проектот доби голем интензитет и бележи видлив прогрес во сите четири компоненти.

Компонента 1: Ефикасност на процесите на статистичко производство – одржани се 3 мисии со шведски експерти, 1 студиска посета во Косово и 2 мисии (една физички, една онлајн) со експерти од Агенцијата за статистика во Косово. Како резултат имаме развиен инструмент за планирање и мониторинг на статистичкото производство и иницијален развој на инструмент за секторите за поддршка; развиен регистар на продукти со внес на сите потребни датуми за следење на индикаторите за навременост; иницијално е развиен и модулот за регистрирање на работното време и времето потрошено за одредени активности и се работи на интегрирање на целиот систем во едно ИТ-решение.

Компонента 2: Статистичко производство – одржани се 4 мисии во Скопје и една студиска посета во Шведска. Во рамките на оваа компонента развиена е првата верзија на регистарот на вработени и истиот се очекува да се финализира на почетокот на 2023 година. Исто така, за истражувањето Цени на услуги, се работеше на пресметка на индексите за 3 опфатени услуги, како и на можностите за проширување на истражувањето уште на неколку дополнителни услуги.

Компонента 3: Комуникации – одржани се 3 студиски посети, 1 мисија и 1 работилница. Во рамките на оваа компонента се работеше на развивање нова веб страница и оваа активност бара усогласување на многу технички, организациски, содржински и управни аспекти и истовремено модернизирање на базата МакСтат и начинот на подготовката и содржината на статистичките соопштенија.

Компонента 4: Управување со човечки ресурси – во рамките на оваа компонента одржани се 2 технички мисии и една обука. Развиен е прашалник за Анкета за задоволството на вработените, истата е спроведена и подготвен е извештај, како и план за одговор на менаџментот на резултатите од анкетата. Во рамките на оваа компонента се врши надградба на капацитетите на одредена група обучувачи, како и на менаџментот (на средно и високо ниво).

3.2.1.2. Повеќекориснички проекти

- **Повеќекорисничка програма за статистичка соработка ИПА 2017**

Имплементацијата на оваа програма заврши во септември 2022 година. Во рамките на 12 статистички проекти беа испорачани 93 испораки од вкупно 95. Испораките вклучуваат спроведување анкети, изготвување на методолошки извештаи, трансмисија на податоци до Евростат и сл.

- **Повеќекорисничка програма за статистичка соработка ИПА 2019**

Во текот на извештајниот период, во рамките на оваа програма 68 лица учествуваа на вкупно 43 меѓународни настани, од кои осум беа ESTP курсеви. Во рамките на седумте статистички проекти сите планирани испораки беа доставени навреме до Евростат. Исто така, беа реализирани седум студиски посети и една консултација.

3.2.1.3. Регионални проекти

- **Регионален проект за соработка со Шведската статистика**

ДЗС учествува во активностите организирани во проектот. Истовремено, во некои подрачја ДЗС е давател на експертиза, особено за Индексот на родова активност во 2022 година.

### 3.2.2. Планирани проекти

Државниот завод за статистика и Народната банка на Република Северна Македонија аплицираа за националната програма ИПА III и доставија акциско фише до Секретаријатот за европски прашања.

3.2.3. Соработка со агенциите на Обединетите нации во државата
Во изминатиот период, ДЗС ја интензивира соработката со различни агенции на ОН кои работат во земјата: UNFPA, UN Women, UNICEF и UNDP. Соработката е најмногу насочена во следните области: Попис на населението, половите статистики, модернизирање на алатките за дисеминација на податоци и др.

### 3.3. Комуникација и соработка со други институции

Во 2022 година продолжија активностите на реализација на веќе потпишаните договори и меморандуми за соработка од претходните години со поголем број институции во земјата и во странство.

# 4. ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВАШЕ ДЗС

Предизвиците со кои се соочуваше ДЗС во 2022 година може да се лоцираат од два аспекта, и тоа:

- односот со јавните институции во земјата и
- состојбата со човечките ресурси.

Во однос на јавните институции во земјата може да се констатира дека Државниот завод за статистика се јавува како државен орган кој ги задоволува нивните потреби од навремени и квалитетни статистички податоци. Во таа смисла, Заводот доследно и навремено ја реализира својата основна надлежност, а тоа е да продуцира квалитетни и навремени статистички податоци за потребите на наведените институции.
Заводот истовремено се јавува и како институција која е корисник на податоците со кои располагаат јавните институции во земјата. Тие податоци во основа се административни податоци и се неопходни за Заводот да продуцира статистички информации, по нивна соодветна обработка. Често соработката со тие институции не е на задоволително ниво и тоа од аспект на недостапноста на тие податоци за Заводот, како и од аспект дека тие податоци не се прибираат и обработуваат од страна на јавните институции согласно со утврдена методологија и меѓународни стандарди, со што истите се делумно употребливи за Заводот.
Во однос на новите вработувања, Државниот завод за статистика во ноември 2022 година, врз основа на одобрен План за нови вработувања, за кој беа обезбедени и финансиски средства за плати и надоместоци, со задоцнување и по повеќекратни ургенции на Заводот, ги објави огласите за вработување на 45 лица, со што се создадоа минимални предуслови да се зголеми бројот на вработените во Заводот, но не во 2022 година, туку во 2023 година.
И во овој извештај повторно потенцираме дека состојбата со човечките ресурси претставува голем проблем (покрај вработување на 39 лица) и сериозно се соочуваме со неможност за реализирање не само на тековните обврски на Заводот, туку и на развојните проекти, за што сме се обврзале пред странските партнери. Заводот во моментот овој проблем го ублажува со ангажирање лица по договор за дело.

# 5. КООРДИНАЦИЈА НА СТАТИСТИЧКИОТ СИСТЕМ И ОВЛАСТЕНИТЕ НОСИТЕЛИ

Во согласност со член 21 од Законот за државната статистика, ДЗС, како координатор на статистичкиот систем, во соработка со овластените носители, подготвува и Извештај за активностите на овластените носители во однос на реализацијата на Програмата за статистички истражувања за периодот 2018 – 2022 година. Покрај Народната банка на Република Северна Македонија, останати овластени носители се: Министерството за финансии, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Управата за хидрометеоролошки работи и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

На доставеното барање до овластените носители да подготват извештаи за својата активност поврзана со реализацијата на Програмата за статистички истражувања за 2022 година, извештаи се добиени од сите овластени носители.

## 5.1. Народна банка на Република Северна Македонија

Народната банка на Република Северна Македонија во 2022 година спроведе вкупно 27 статистички истражувања, од кои 9 со месечна, 14 со тримесечна, 3 со полугодишна и 1 со годишна периодика, што претставува ист број како и во 2021 година.

**Методолошки подобрувања во статистичките истражувања**

Во текот на 2022 година, податоците за статистичките истражувања од доменот на екстерните, монетарните статистики и статистиката на финансиски сметки, финансиска стабилност и платежната статистика, кои се во надлежност на Народната банка, во континуитет се прибираа, се изготвуваа и се објавуваа, во согласност со календарите за објавување на податоците. Опфатот и квалитетот на изворите на податоци и производството на статистичките извештаи останаа непроменети и на високо ниво. Воедно, во текот на годината активно се работеше на понатамошен развој и надградба во одделни сегменти поврзани со дисеминацијата на статистичките податоци и нивното методолошко унапредување.

Позначајни активности што ја одбележаа 2022 година во овие области се:

Во однос на точката 2.04.6.9.00/01: „Финансиски сметки“ од Програмата за СИ 2018-2022, во текот на годината, покрај на производството на годишните податоци за состојби, се работеше и на методолошки унапредувања и развој на квартални проценки за одредени финансиски инструменти (трговски кредити и капитал) и субјекти (екстра буџетските корисници) од секторот Држава.

Во статистичките истражувања од областа на екстерните статистики (опфатени во поглавјето од Програмата за статистички истражувања 2018 – 2022, точка број: „2.06 - Меѓународна трговија и платен биланс“), покрај на подобрување на опфатот и квалитетот на податоците (објавени се подетални податоци за директните инвестиции, движењата и состојбите, поделени според географски и економски зони), се работеше и на рационализација на процесот на прибирање податоци и на унапредување на процесот на подготвување дополнителни детални извештаи за подготовка на интегрирана МИП.

Во однос на статистичките истражувања од Програмата за статистички истражувања 2018 – 2022 година, во областа на монетарната статистика, статистиката на ОФИ и статистиката на каматните стапки (точки: 2.04.6.5.00/01; 2.04.6.5.00/02; 2.04.6.5.00/03; 2.04.6.5.00/04; 2.04.6.5.00/05; 2.04.6.5.00/06; 2.04.6.5.00/07 и 2.04.6.5.00/08), во рамките на долгорочниот проект за воспоставување интегриран систем на известување за потребите на статистиката и супервизијата - ИСИДОРА, во текот на 2022 година интензивно се работеше на повеќе сегменти на проектното решение, со што активностите поврзани со овој проект се извршуваат во согласност со предвидената динамика.

За статистичкото истражување во областа на платежната статистика (точка 2.04.6.1.00/1 од Програмата за статистички истражувања 2018 – 2022 година), а во насока на усогласување со регулативата на ЕЦБ за платежна статистика, следејќи ги трендовите и новините во плаќањата, продолжија методолошките подобрувања со известување за нови категории податоци и соодветни контролни механизми, со кои се зголемува квантитетот и квалитетот на податоците за кои се известува.

**Новитети во статистичките истражувања**

Во текот на 2022 година, Народната банка на Република Северна Македонија обезбеди понатамошен развој и надградба во одделни сегменти поврзани со дисеминацијата на статистичките податоци и нивно методолошко унапредување и оствари повеќе активности за унапредување на комуникацијата со корисниците на статистичките податоци.

Позначајни новитети коишто ја одбележаа 2022 година во областа на статистиката се:

- Се работеше на развој и изработка на експериментални квартални финансиски сметки и годишни текови, по сектори/потсектори и финансиски инструменти. Воедно, се заокружија активностите за изработка на показателот за должничките хартии од вредност во рамки на највисокиот статистички стандард за дисеминација на податоци СДДС плус на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ). Податоците за овој показател се објавуваат на интернет-страницата на Народната банка и на редовна основа се доставуваат до ММФ.
- Во областа на екстерните статистики, во насока на воспоставување на ефикасен систем на известување, во текот на 2022 година се работеше на неколку проекти за рационализација на процесот на прибирање податоци (за кредитните работи со странство и директните инвестиции) преку воведување електронско известување. Во насока на унапредување на процесот на автоматизација на статистичката продукција беше и донесената одлука од страна на Европската комисија за финансирање на проектот за изградба на единствено статистичко складиште на податоци за екстерните статистики во рамките на ИПА 2022 година.
- Почнувајќи од првото тримесечје на 2022 година, кај Анкетата за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП беше проширена листата на бројот на испитаници.
- Во текот на 2022 година беше донесен новиот Закон за платежни услуги и платни системи (ЗПУПС), со практична примена од 1 јануари 2023 година. Една од значајните придобивки која произлегува од овој закон е отворањето на пазарот за нови даватели на платежни услуги и проширувањето на сетот платежни услуги кои ќе се нудат на пазарот. Покрај банките, платежни услуги ќе може да даваат и штедилниците, а како нови играчи ќе се јават и специјализирани институции за давање платежни услуги и/или за издавање електронски пари со кои, исто така, би се извршувале плаќања. Оттука, сите нови даватели на платежни услуги кои ќе добијат дозвола од Народната банка за давање на платежни услуги, ќе бидат обврзани да известуваат за податоци за потребите на платежната статистика. Податоците

кои ќе бидат предмет на известување за платежната статистика се децидно уредени со новите подзаконски акти на Народната банка од доменот на платежната статистика.

**Број на вработени лица кои работат на статистички истражувања:**

Вкупно 51 вработен во Народната банка работат на статистички истражувања, и тоа:

- 6 вработени работат на истражувањата за Анкетата за инфлациски очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП; Анкетата за кредитна активност и Индексот на цените на недвижности;
- 2 вработени работат на пресметката на показателите за финансиска стабилност;
- 41 вработен работат на статистичките истражувања од областа на монетарната и финансиската статистика, како и екстерните статистики;
- 2 вработени работат на статистичките истражувања од областа на платежната статистика.

**Публицистичка дејност и комуникација со корисниците (податоци за издадените публикации)**

Во текот на 2022 година, квалитетот и континуитетот на процесот на изготвување и дисеминација на статистичките податоци во Народната банка се задржа на високо рамниште. Податоците од статистичките истражувања во надлежност на Народната банка се објавуваат на интернет-страницата на НБРМ, со соодветна периодика и рок за публикување утврдени во Програмата.

Во однос на комуникацијата со корисниците, во текот на 2022 година, покрај редовното објавување статистички соопштенија, преземени се и дополнителни активности за унапредување на комуникацијата со јавноста и јакнење на транспарентноста, и тоа:

- унапредување на начинот на комуникација со јавноста преку подобра визуализација, објавување текстови со статистички содржини на медиумите и социјалните мрежи;
- во рамките на долгорочниот проект за воспоставување интегриран систем на известување за потребите на статистиката и супервизијата ИСИДОРА, во текот на 2022 година продолжи и активната комуникација со известувачите.

Листата на показатели за финансиска стабилност се објавува на интернет-страницата на Народната банка редовно (врз квартална основа) согласно со Календарот за објавување на податоците кој е достапен на интернет-страницата на Народната банка.

Податоците од областа на платежната статистика се објавуваат во агрегирана форма на интернет-страницата на Народната банка, со соодветна периодика и рок за публикување утврдени со Календарот на објавување податоци. Народната банка на својата интернет страница врши и објавување на „Годишна информација за плаќања во Република Северна Македонија", во насока на комуникација со јавноста за трендовите и движењата на плаќањата во земјата, како и за плаќањата во меѓународен контекст од областа на работењето со платежните картички.

**Меѓународна активност и странска помош:**

Народната банка продолжи со активностите за унапредување на квалитетот на статистичките податоци и на соработката со националните и меѓународните институции. Како позначајни се издвојуваат:

- Одржување на втората експертска мисија на ММФ за финансиски сметки, посветена на кварталните финансиски сметки, состојби и трансакции. Заклучокот од мисијата е дека најголем дел од препораките од претходната мисија се исполнети, а новите препораки во поголем дел се однесуваат на објавување на кварталните податоци за финансиските сметки, активности што се во тек.

- Учество на ДЗС во проектот ИПА 2019 за статистика на надворешната трговија со услуги, чија основна цел е замена на постојниот извор на податоци за извозот и увозот на услуги и воведување директно известување.
-Учество во проектот на ОН „Миграциски дискурс, политика и планирање базирано на докази", во чии рамки за Народната банка особено значајни беа активностите за спроведување анкетно истражување на домаќинства што примаат лични парични приливи (дознаки) од странство. Анкетата беше спроведена во текот на 2022 година, при што од страна на експертот беше подготвен предлог-извештај за Анкетно истражување за личните приливи на домаќинствата во Република Северна Македонија од странство.
- Учество во последната експертска мисија на Проектот за владина статистика на ММФ со МФ и ДЗС, во чии рамки беа спроведени активности за унапредување на кварталните податоци за одредени инструменти (трговски кредити) и субјекти (екстра буџетските корисници). Овој повеќегодишен проект успешно заврши во мај 2022 година, а на завршната регионална работилница беа презентирани остварените резултати на земјите учеснички во проектот.
Потврда за напорите на Народната банка на Република Северна Македонија за усогласување на процесот на изработка на статистичките податоци со барањата на ЕУ е учеството на претставници од Дирекцијата за статистика на Билатералниот скрининг за поглавје 18 – Статистика, како дел од првиот кластер – Фундаментални вредности. Народната банка на билатералниот состанок имаше осврт на статистиката на странските директни инвестиции, билансот на плаќања и меѓународната трговија со услуги, финансиските сметки и монетарните и финансиски индикатори. За потребите на Билатералниот скрининг, направена е детална анализа на степенот на усогласеност со европските стандарди која покажа дека статистиката што е во надлежност на Народната банка во голем дел е високо или средно усогласена со барањата на ЕУ. За останатите сегменти кај кои не постои целосна усогласеност, веќе има јасно дефинирани и започнати проекти со кои се зацртани идните активности за усогласување со статистичките регулативи на ЕУ.

## 5.2. Министерство за финансии

Министерството за финансии во 2022 година спроведе вкупно 20 статистички истражувања, од кои 12 месечни и 8 тримесечни, што е ист број на истражувања како и во 2021 година.

### Број на вработени во Министерството што работат на статистички истражувања

Во Министерството за финансии се ангажирани 4 вработени за спроведување статистички истражувања.

### Меѓународна активност и странска помош

Меѓународната активност и странската помош се реализираа во рамките на Регионалниот проект на ММФ за методологијата GFS/ESA.
Министерството за финансии не достави информации за: методолошките подобрувања, новитетите во статистичките истражувања, проблемите со кои се соочуваше Министерството за финансии во 2022 година и публицистичката дејност, побарани со Образец 1, кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2022 година, во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2018 – 2022 година.

## 5.3. Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во 2022 година спроведе вкупно 9 статистички истражувања, од кои 4 со месечна и 5 со годишна периодика, исто како и во 2021 година.

### Број на вработени во Фондот што работат на статистички истражувања

Во Фондот се ангажирани 2 вработени лица за спроведување на истражувањата.

### Дисеминација на статистичките податоци

Податоците од статистичките истражувања се објавуваат тековно на веб-страницата на Фондот.
Фондот на пензиското и инвалидското осигурување не достави информации за: методолошките подобрувања, новитетите во статистичките истражувања, меѓународната активност и странската помош, како и за проблемите со кои се соочуваше во 2022 година, побарани со Образец 1, кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2022 година во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2018– 2022 година.

## 5.4. Министерство за внатрешни работи

Министерството за внатрешни работи во 2022 година, во согласност со утврдените статистички истражувања во Програмата за статистички истражувања за периодот 2018 – 2022 година, спроведе вкупно 6 статистички истражувања, од кои 1 со месечна периодика и 5 со годишна периодика, што е исто како спроведените статистички истражувања во 2021 година.

### Број на вработени во Министерството што работат на статистички истражувања

Во однос на вкупниот број вработени, ангажирани на статистички истражувања, наведен е бројот од 134 вработени. Во тој број се вклучени сите вработени кои полуавтоматизирано ги пополнуваат статистичките прегледи, ги обработуваат податоците и ги подготвуваат прашалниците и барањата за статистичките истражувања.
Министерството за внатрешни работи не достави информации за: методолошките подобрувања, новитетите во статистичките истражувања, публицистичката дејност, дисеминацијата на статистичките податоци, меѓународната активност и странската помош и проблемите со кои се соочувало.

## 5.5. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи во 2022 година, во согласност со утврдените статистички истражувања во Програмата за статистички истражувања за периодот 2018 –2022 година, спроведе вкупно 2 статистички истражувања со годишна периодика.

### Број на вработени во Управата што работат на статистички истражувања

Бројот на лица што работат на статистички истражувања во Управата за хидрометеоролошки работи е 27.

**Проблеми со кои се соочуваше Управата за хидрометеоролошки работи**

Како проблеми со кои се соочувала Управата за хидрометеоролошки работи се наведени недостатокот на стручни лица и финансиски средства за редовно извршување на тековните активности.

Управата за хидрометеоролошки работи не достави информации за: методолошките подобрувања, новитетите во статистичките истражувања, публицистичката дејност, меѓународната активност и странската помош.

## 5.6. Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во 2022 година спроведе вкупно 4 статистички истражувања, од кои 3 со месечна периодика и 1 годишно истражување, што е исто како и во 2021 година.

**Број на вработени лица во Агенцијата што работат на статистички истражувања**

За реализација на статистичките истражувања се ангажирани вкупно 3 вработени.

Методолошките подобрувања во статистичките истражувања се реализираат согласно со законските прописи и Оперативниот план за активни програми, мерки и услуги на пазарот на трудот за 2022 година.

Агенцијата за вработување не достави информации за: новитетите во статистичките истражувања, публицистичката дејност, меѓународната активност и странската помош и за проблемите со кои се соочувала Агенцијата, побарани со Образец 1, кој се однесува на истражувањата и активностите реализирани во 2022 година, во согласност со Програмата за статистички истражувања, 2018 – 2022 година.

## 5.7. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија , во согласност со утврдените статистички истражувања во Програмата за статистички истражувања за периодот 2018 – 2022 година, во 2022 година спроведе вкупно 17 статистички истражувања со годишна периодика.

**Број на вработени лица во Институтот што работат на статистички истражувања**

За реализација на статистичките истражувања се ангажирани 14 вработени во Одделот за епидемиологија на заразни болести, 13 во Одделот за здравствена статистика и публицистика, 4 во Одделот за промоција на незаразни болести и 4 во Одделот за здравствена екологија (Медицина на трудот).

**Дисеминација на статистички податоци**

- Редовно ажурирање на интернет-страницата на Институтот за јавно здравје со текстови во врска со превенција на незаразни и заразни заболувања, наменети за стручната и пошироката јавност,
- Годишна публикација „Здравствена карта на Република Северна Македонија“,
- Годишна публикација „Амбулантно-поликлинички морбидитет во Република Северна Македонија”,

- Годишна публикација „Мрежа на болничките здравствени установи“,
- Годишна публикација „Специјалистички служби во Република Северна Македонија”,
- Годишна публикација „Кадар во здравствените установи во Република Северна Македонија”,
- Годишна публикација „Регистар за шеќерна болест на Република Северна Македонија”,
- Годишна публикација „Регистар за рак на Република Северна Македонија”,
- Годишна публикација „Регистар за хронична ренална инсуфициенција на Република Северна Македонија”,
- Регистар за психози во Република Северна Македонија,
- Годишна публикација „Болнички морбидитет во Република Северна Македонија”,
- Годишна публикација „Ментални заболувања во Република Северна Македонија”,
- Годишна публикација „Малигни неоплазми во Република Северна Македонија”,
- Годишна публикација „Состојба со циркулаторни болести во Република Северна Македонија”,
- Годишна публикација „Информација за искористеноста на болничките капацитети“ ,
- Годишна публикација „Извештај за резултати од програмата за рана детекција на рак на грлото на матката”,
- Годишна публикација „Извештај за реализирани активности во врска со скринингот на ракот на дојка кај жените на возраст во Република Северна Македонија”,
- Годишна публикација „Повреди и професионални болести во Република Северна Македонија”,
    - Месечни билтени за движењето на акутните заразни заболувања,
    - Месечни извештаи за спроведувањето на АЛЕРТ-системот (EWARN),
    - Годишен извештај за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија,
    - Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Република Северна Македонија,
    - Годишен извештај за спроведувањето на Програма за спроведување на задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија против одредени заразни болести,
    - Годишен извештај за спроведувањето на АЛЕРТ-системот (EWARN),
    - Годишен извештај за интрахоспиталните инфекции,
    - Годишен извештај за спроведување на Програмата за заштита на населението во Република Северна Македонија од синдромот на стекнат недостаток на имунитет – СИДА ,
    - Годишен извештај за реализација на активностите на ИЈЗ по Националната програма за јавно здравје,

- Годишен извештај за АФП,
- Годишен извештај за пријавени поствакцинални компликации по имунизација во Република Северна Македонија,
- Редовно ажурирање на интернет-страницата на Институтот за јавно здравје со текстови во врска со превенција на заразните заболувања, наменети за стручната и пошироката јавност.

**Методолошки подобрувања во статистичките истражувања**

Ревидирање, ажурирање и дополнување на методологијата за пополнување збирни обрасци согласно со Законот за евиденциите од областа на здравството, ажурирање, дополнување и воспоставување форма и содржина на индивидуалните обрасци: Регистар за стационарно лекувани лица при „Мој термин", електронска форма на психози, електронска форма на Регистар на здравствени работници, електронска форма за регистар на сообраќајни несреќи - повреди, електронска форма на регистар на повреди на работа, електронска форма на регистар за професионални болести.

**Меѓународна активност и странска помош**

Population-based COVID-19 Sero-epidemiology: to estimate polulation susceptibility and sero-incidence in NM- финансирана и поддржана од СЗО е завршена во 2022 година. Целата на сероепидемиолошкото истражување е да обезбеди клучни епидемиолошки и серолошки податоци за карактеристиките на вирусната инфекција COVID-19.

Estimating COVID-19 vaccine effectiveness against severe acute respiratory infections (SARI) hospitalisations associated with laboratory-confirmed SARS-CoV-2 in NM - финансирана и поддржана од СЗО, започната во 2022 година. Примарната цел е да се измери севкупната ефективност на вакцината против COVID-19 против лабораториски потврден SARS-CoV- 2 кај хоспитализирани пациенти со САРИ кои припаѓаат на целните групи за вакцинација против COVID-19, што во моментов се сите возрасни на возраст од 18 и повеќе години во РСМ.

**Новитети во статистичките истражувања**

Употреба на онлајн прашалник во рамките на истражувањето и анализите со статистички софтвер.

Воспоставување Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје, класификација на здравствените компоненти на функционирање и попреченост. МКФ доби одобрение од сите 191 земја членка на Светската здравствена организација во мај 2021 година.

**Проблеми со кои се соочуваше Институтот**

- Намалени финансиски средства за реализација на здравствено-статистичката дејност.

- Недостиг на кадар од специјалисти по социјална медицина.

- Не е воспоставено унифицирање на методологии за собирање податоци конкретно за онколошка класификација, согласно со меѓународните стандарди и изведување анализа на податоци, уредување и форматирање на истите.

- Нема целосна пристапност во системот „Мој термин". Критериумот за пристапност како метрика за квалитетот на податоците за здравствената заштита се исполнуваат кога медицинскиот персонал има целосен пристап до информациите што им се потребни и може да ги користи за извршување на своите одговорности.

- Не се воспоставени внатрешни стандарди за продуктивност и/или да се потврдат постоечките стандарди. Овие стандарди обезбедуваат основа за евалуација на перформансите, со тоа што овозможуваат мерење на перформансите на работата.
- Не се следи спроведувањето на промените во политиките и процедурите за да се обезбеди усогласеност со промените.
- Нема интероперабилност на системот и затоа нема квалитетни податоци, а без квалитетни податоци и развој на стандарди за продуктивност, станува предизвик прецизно да се поврзат податоците со други системи и вистински да се влијае врз промените.

## 5.8. Министерство за правда

### Број на вработени лица во Министерството што работат на статистички истражувања

Во Министерството за правда нема посебна организациска единица за статистика.
Како извештајни единици, судовите, јавните обвинителства, Управата за водење на матичните книги и Управата за извршување на санкции на Република Северна Македонија директно доставуваат статистички податоци до ДЗС.
Согледани биле проблеми при собирањето на податоците на Управата за водење на матичните книги.
Воедно, Министерството за правда известува дека се предвидени нови статистички истражувања со новата Програма за статистички истражувања за периодот 2023 – 2027 година, согласно со која се воведуваат три нови статистички истражувања за Област 1.08.0 ПРАВДА И КРИМИНАЛИТЕТ во доменот 1 Демографски и социјални статистики, и тоа:
1. 08.0.1.00/08 СИ - СК. 5 - Статистичко истражување за лица вработени во кривично-правниот систем
2. 08.0.1.00/09 СИ СК. 6 - Статистичко истражување за судски постапки
3. 08.0.1.00/08 СИ СК .7 - Статистичко истражување за лица во пенитенцијарниот систем.
За првото истражување извештајни единици се Судскиот совет на Република Северна Македонија/Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, за второто истражување Судскиот совет на Република Северна Македонија, додека за третото истражување Управата за извршување на санкции на Република Северна Македонија.
Периодиката на овие три нови истражувања е на годишно ниво и има за цел пополнување на стандардизирани податоци, согласно со методологијата и барањата на Евростат.
На овој начин би се надминале дел од празнините во нашиот статистички систем.

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ДЗС - Државен завод за статистика
АПУЖ - Анкета за приходи и услови за живеење
БДП - Бруто-домашен производ
ЕУ - Европска Унија
ЕК - Европска комисија
Евростат - Статистички завод на Европската заедница
еСтат - ИТ-систем за автоматско метаподаточно базирано генерирање веб-форми за прибирање податоци преку интернет
ЕСС - Европски статистички систем (European Statistical System)
ЕССПРОС- Европски систем на интегрирана статистика за социјална заштита
ЕЦБ – Европска централна банка
ИПА - Инструмент за претпристапна помош (Instrument for Pre-Accession Assistance)
ИТ - Информатичка технологија
ММФ - Меѓународен монетарен фонд
МКБ - Меѓународна класификација на болестите
НБРСМ - Народна банка на Република Северна Македонија
НПАА - Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија
НРМЕ - Национален уредувач за референтни метаподатоци на Евростат
РОС - Регионални одделенија за статистика
СБПМ – Статистички бизнис процес модел
СНС – Систем на национални сметки
СЗО - Светска здравствена организација
УЈП - Управа за јавни приходи
УКИМ - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
ФРИБС – Рамковна регулатива за интегрирани деловни статистики (Framework Regulation of Integrated Business Statistics)
eDamis - Electronic Data files Administration and Management Information System
CATI - Компјутерски поддржано анкетирање по телефон (Computer assisted telephone interviewing)
CAPI - Компјутерски поддржано анкетирање лице в лице (Computer assisted personal interviewing)
SDDS - Специјален систем за дисеминација на податоци (Special Data Dissemination Standard)
SDMX – Statistical Data and Metadata Exchange
SDMX-RI - SDMX-референтна инфраструктура
SBS - Structural Business Statistics
SIMS - Single Integrated Metadata Structure
ESA - European System of Accounts
ESMS – Euro SDMX Metadata Standards
ESQRS – ESS Standards for Quality Reporting Structure
GFS - Government Finance Statistics